РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ
Бр. 09-9609/1
15-06-2015 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 21, став (1), алинеја 3 од Законот за националната инфраструктура на просторните податоци на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/14), Советот на НИПП донесува

# Р Е Ш Е Н И Е

за назначување претседател и членови на работната група за економски прашања

1. Се формира работна група за економски прашања во состав од:

- Флорент Чиче од Министерството за економија, претседател;
- Дејан Митески од Министерството за транспорт и врски, член;
- Трајче Малов од Министерството за локална самоуправа, член;
- Игор Црвенов од Министерството за информатичко општество и администрација, член;
- Верица Бојковска-Миленковиќ од Центарот за управување со кризи, член.

2. Се задолжува работната група да изготви:

- годишна програма за НИПП за 2016 година;
- годишен извештај за спроведување на програмата за работа;
- подзаконски акт за е-комерцијални услуги.

3. Работната група материјалите од точка 2, да ги изготви и да ги достави на мислење до Советот на НИПП до 31 декември 2015 година.

4. За секретар на работната група, од точка 1 на ова решение, кој ќе ги врши работите сврзани со административно-техничката поддршка на групата, се назначува лицето Зана Саити од Агенцијата за катастар на недвижности.

5. Покрај задачите од точка 2, работната група треба да ја поддржува имплементацијата на Законот за националната инфраструктура на просторните податоци на Република Македонија и подзаконските акти кои произлегуваат од него.

6. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Доставено до:
- именуваните;
- Агенција за катастар на недвижности - Единица за административно-техничка поддршка на НИПП;
- архива.

Претседател на Советот на НИПП

м-р Владимир Пешевски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ СКОПЈЕ